**20212013483**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Врз основа на член 31 став (7) од Законот за рамномерен регионален развој (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/21 И 174/21), министерот за локална самоуправа, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ВИСИНАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ИСПЛАТА ЗА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ПЛАНСКИОТ РЕГИОН

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските критериуми за висината на средствата за исплата за Центарот за развој на планскиот регион од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје кои се крајни корисници на проектите за развој на планските региони.

Член 2

Висината на средствата за исплата за Центарот за развој на планскиот регион според видот на проектот се определува одделно за инфраструктурните проекти, проектите за подготовка на техничка документација и меките проекти.

Член 3

(1) „Инфраструктурни проекти“ се проектите во кои се предвидува извршување на градежни работи, набавка на опрема и/или набавка на софтвер и/или апликации неопходни за процесите на дигитализација на регионално ниво.

(2) „Проекти за подготовка на техничка документација“ се проекти во кои е предвидено подготовка на било кој вид на техничка документација, вклучувајќи ги сите видови на студии, елаборати, урбанистички и други видови на планови и други активности неопходни за подготовка на техничка документација.

(3) „Меки проекти“ се проектите во кои е предвидено да се реализираат активности со цел зајакнување на капацитетите на одредена целна група, зголемување на свесноста по одредени прашање на одредена целна група, изработка на стратешки документи на ниво на плански региони, активности за размена на знаење и искуство, промоции, брендирање, промотивни и изложбени активности, едукативни активности, вмрежување и кластерско организирање и други активности кои не се директно поврзани со видовите на проекти наведени во став (1) и став (2) на овој член.

Член 4

Висината на средствата за исплата за Центарот за развој на планскиот регион според сложеноста на проектот се утврдува според бројот на склучени договори со економските оператори по спроведена постапка за јавна набавка.

Член 5

Определувањето на висината на средствата за исплата за Центарот за развој на планскиот регион според видот и сложеноста на проектот се врши на следниот начин:

Според видот (Б.1.1):

10 поени - предлог - проектот е мек проект,

15 поени – предлог - проектот е за подготовка на техничка документација и

20 поени – предлог - проектот е инфраструктурен.

Според сложеноста (Б.1.2):

10 поени - проекти за чија имплементација е потребно да се склучат до два договора со различни оператори,

20 поени - проекти за чија имплементација е потребно да се склучат три или четири договори со различни оператори,

30 поени - проекти за чија имплементација е потребно да се склучат пет или повеќе од пет договори со различни оператори.

Вкупниот број на поени кој еден предлог - проект може да ги добие според видот и сложеноста на проектот се движат од минимум 20 до максимум 50 поени.

Вкупниот број на поени се утврдува согласно следната формула:

Б1= Б1.1 + Б1.2 каде што:

Б1- број на поени добиени според видот и сложеноста на проектот,

Б1.1 – број на поени добиени според видот на проектот,

Б.1.2 - број на поени добиени според сложеноста на проектот.

Член 6

Определувањето на висината на средствата за исплата за Центарот за развој на планскиот регион според висината на проектната вредност на проектот се врши на следниот начин:

50 поени - проектната вредност на проектот е од 80,01% до 100% од висината на средствата за финансирање на проекти за развој на планскиот регион, одобрена за планскиот регион,

35 поени - проектната вредност на проектот е од 60,01% до 80% од висината на средствата за финансирање на проекти за развој на планскиот регион, одобрена за планскиот регион,

20 поени - проектната вредност на проектот е од 40,01% до 60% од висината на средствата за финансирање на проекти за развој на планскиот регион, одобрена за планскиот регион,

10 поени - проектната вредност на проектот е до 40% од висината на средствата за финансирање на проекти за развој на планскиот регион , одобрена за планскиот регион.

Член 7

Вкупниот број на поени што може да се доделат на еден проект се движат од минимум 40 до максимум 100 поени.

Член 8

Висината на средствата за исплата за Центарот за развој на планскиот регион се утврдува врз основа на вкупниот број на поени добиени согласно членовите 5 и 6 од овој правилник помножени со 15% од проектната (пресметковна) вредност на одобрен проект на Центарот за реализација и имплементација на проектот.

Висината на средствата за исплата за Центарот за развој на планскиот регион се утврдува согласно следната формула:

А= ((Б1 + Б2)/100) x 0,15 x В каде што:

А - висината на  средствата за за исплата за Центарот за развој на планскиот регион
Б1- број на поени добиени според видот и сложеноста на проектот
Б2 – број на поени добиени според висината на проектната вредност на проектот и
В - проектна (пресметковна) вредност на проектот.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 09-1821/4
23 август 2021 година
Скопје

Министер
за локална самоуправа,
**Горан Милевски,** с.р.